Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut

# СТРАТЕГИЈА 2030

## НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Стратегијата 2030 на Црвен крст на Република Северна Македонија се подготвува врз основа на стратешката рамка на Меѓународната Федерација која е усвоена на статутарни состаноци на Движењето кон крајот на 2019 година. Новата Стратегија на Движењето претставува Платформа за промени за следната декада и водилка документ во изработката на Стратегијата 2030 на Црвен крст на РСМ.

Новата Стратегија е во согласност со нашите хуманитарни принципи и вредности, заснована врз долгата и единствена историја на Движењето, со заложба да бидеме секогаш таму кога е потребно, и наша посветеност за независно, непристрасно и неутрално делување.

Во следната деценија се очекуваат многу промени во начинот на кој живееме и во видовите кризи и ранливости со кои веројатно ќе се соочиме. За да може да одговориме на комплексните состојби кои се очекуваат во следната деценија, во нашата Стратегијата се осврнуваме на серија промени кои треба да ни помогнат да опстоиме во нашата мисија да спасуваме човечки животи, да ги зајакнеме можностите за поддршка на ранливите луѓе.

Стратегијата 2030 треба да ни овозможи и нов концепт на лидерството и носење одлуки на национално ниво но посебно на локално ниво - каде што локалните заедници ќе бидат центарот на нашите промени. Во новата стратегија ги утврдуваме приоритетите за нашата организација како и можностите за соработка со нашите партнери и чинители за да овозможиме позитивни промени во нашата земја.

Нашата работа се заснова на длабокиот и моќен дух на волонтерството со цел да предизвикаме позитивни акции во локалните средини. Да овозможиме меѓусебно почитување и заложба за заштита и почитување на достоинството и застапувањето на другите. Со стратешкиот пристап очекуваме да ја зголемиме и зајакнеме нашата волонтерска база, и да го унапредуваме нашиот модел за волонтирање и граѓанско ангажирање.

Промовираме разновидност и вклучување на сите што се препознаваат во вредностите на Црвениот крст и Црвената полумесечина. За таа цел ќе се залагаме за визионерско, ефективно и принципиелно лидерство кое е почитувано и го поддржува родовиот паритет и женско лидерство на сите нивоа.

Очекуваме новата Стратегија да ни овозможи да стигнеме до маргинализираните и изолирани заедници кај што другите не можат. Тоа ќе го направиме преку зајакната доверба, транспарентно и одговорно работење пред заедниците, партнерите, надлежните органи, и донаторите.

Заедниците се менуваат како резултат на намалувањето на бројот на нашето население, кое станува и се постаро. Се зголемува нееднаквоста и урбанизацијата. Потребите на населението се менуваат.

Начинот на работа, ангажирање, комуницирање и придонесот кон заедниците исто така се менува. Технологијата е главен двигател на овие процеси, што

резултира со создавање нови начини на работа, испорака на услуги и поврзување на заедниците.

Волонтерството исто така се менува што наложува усвојување нови пристапи за обезбедување развој и разновидна база на нашето членство и нови начини на волонтирање.

Стратегијата ја инкорпорира нашата визија како чинител кој го мобилизира доброто во човештвото за да се ублажи човековото страдање.

Стратегијата треба да ни помогне во декларирање на нашиот пристап насочен кон луѓето и ние како хуманитарна агенција која ги опслужува. Нашиот пристап пред се повикува на позитивни промени. Тоа е пристап што ја искористува и ја засилува надежта.

# Се потпираме на нашето успешно минато за да создадеме сигурна иднина

**Црвениот крст на РСМ во измината деценија како прво сертифицирано силно национално друштво во Движењето даде значителен придонес во подобрување на животот на ранливото население во Република Северна Македонија.**

Успешноста на една организација се мери по начинот на перцепција на опкружувањето за работата на таа организација, по задоволството на корисниците од обезбедените услуги, по интересот на партнерите за финансирање, поддршка и заедничка работа со таа организација. Црвениот крст на Република Северна Македонија во изминатите десет години направи многу, пред се направи позитивен исчекор во својот развој. Станавме првото национално друштво во Движењето кое доби сертификат за силно национално друштво. Во рамки на системот за кризен менаџмент во државата бевме една од носечките организации во справување со предизвиците од природните катастрофи кои не ја заобиколуваат нашата држава како резултат на глобалните климатски промени. Бевме национално друштво кое меѓу првите ја промовираше и негуваше корпоративната соработка и општествена одговорност во земјата.

Ние сме мала организација но со големи цели. Организација преку која се обезбедуваше поддршка за стотици илјади мигранти кои поминаа низ државата во последните седум години. Место каде волонтерите од најмладите години се чувствуваат најпријатно, каде сакаат да доаѓаат да го поминат и подарат своето слободно време, со верба дека се чувствуваат убаво и среќно но исто така и вреднувани за својот ангажман, пред се од нашите корисници на кои честопати нашите волонтери им се најблиските луѓе кои им останале. Растевме и се развивавме заедно со нашите волонтери. Со нашите вработени. Со нашите партнери. Вршејќи ја нашата помошна улога во државата, секогаш се трудевме да бидеме позитивен пример и нашите дела самите да зборуваат за себе.

Оставаме за нашите остварувањата да кажуваат другите а ние остануваме посветени во реализација на нашата мисија и негување на основните вредности и принципи на нашето Меѓународно Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина. Продолжуваме да работиме да спасиме нечиј живот, да го направиме денот помалку тежок за оние кои се осамени и им треба нега.

Остануваме посветени на идеалите на Анри Динан, дека треба да го промовираме волонтерството, да негуваме инклузивност, да бидеме дел од локалните заедници, да обезбедуваме услуги за најранливите категории на население, да негуваме и промовираме мир и толеранција, да бидеме со мигрантите и бегалците кои останале сами и незаштитени, да промовираме активности од интерес и за младите но и за повозрасните, да ја подигаме свеста на населението за заштита од најразлични здравствени предизвици како што е корона вирусот во моментов, да ги учиме луѓето како да укажуваат

прва помош, да бараме нови крводарители, да се грижиме за бездомниците. Ќе продолжиме да го промовираме меѓународното хуманитарно право со цел да ја дисеминираме хуманитарната правна рамка која е предуслов за почитување на човековите права на незаштитените.  Ќе обезбедуваме сервиси и услуги кои се од суштинско значење за лицата изложени на одредени ризици, за лицата кои имаат потреба да им се помогне. Ќе бидеме сервис и помагател на државата во области кои влегуваат во мандатот на Црвениот крст. Ќе бидеме, како што и досега бевме со старите и изнемоштени лица, со луѓето на кои им е потребна хуманитарна поддршка да се справат со социјалните предизвици.

Ќе бидеме она што отсекогаш сме биле, организација отворена за сите, место на сигурност и топлина кога на луѓето им е најтешко, но и место на надеж за нови пријателства, дружба, партнерства и соработка.

Во нашата стратегија очекуваме нови предизвици, планираме промени кои сме подготвени да ги направиме со цел да останеме модерна организација во чекор со трендовите, во чекор со потребите на луѓето, во чекор со технологијата. Подготвени сме да го адаптираме работењето во светот кој постојано се менува.

Подготвени сме за нови предизвици. А историјата и нашите постигнувања ќе ни послужат како научени лекции во нашето планирање. Планови во кои има за сите место. За нашите волонтери, членови и вработени, нашите партнери, нашите корисници.

Бидете со нас, на овој пат полн со предизвици, каде промените ќе бидат средство за успешност и каде единствено мерило ќе бидат нашите резултати, спасен живот, насмеано лице.

д-р Саит Саити
генерален секретар

проф.др. Ромел Велев
претседател

# НАША ОСНОВА

## Мисија на Црвениот крст на Република Северна Македонија

Црвен крст на Република Македонија е хуманитарна организација која работи на спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната состојба, обезбедувајќи почит и достоинство за човековото битие, а особено во случај на несреќи и катастрофи, го промовира меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности, поттикнува доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош, како и универзално чувство за солидарност и хуманост.

## Визија на Црвениот крст на Република Северна Македонија

Дејствуваме, поттикнуваме и промовираме хумани вредности за навремено да одговориме на современите хуманитарни предизвици, а притоа решени сме да направиме повеќе, да го направиме тоа подобро и да стигнеме подалеку.

## Закон за Црвен крст на Република Македонија. Статут на Црвен крст на Република Северна Македонија

Нормативната рамка претставува правната основа која ја регулира помошната улога на Црвениот крст во државата. Таа ја формулира нашата улога и задачи согласно со меѓународното хуманитарно право и претставува хуманитарен мост помеѓу нашето Движење и државата за реализација на организациските приоритети и планови во интерес на целните категории кои ги опслужуваме.

## Основни принципи на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина:

хуманост, непристрасност, неутралност, независност, доброволна служба, единство, универзалност

**Ќе ја реализираме нашата мисија преку спроведување на услуги кои знаеме најдобро да ги правиме – онаму каде може да постигнеме најголемо влијание со нашите посебни вештини и компетенции.**

# НАШИ РЕСУРСИ

## Човечки ресурси

Ќе ги инвестираме мудро нашите ресурси во обука, технологија и капацитети за поддршка на човечките ресурси на нашето национално друштво за да делуваме различно но како голем тим. Ќе работиме заедно со нашите партнери, со цел да бидеме постојано мобилни, кооперативни и постојано поврзани со нашите заедници.

## Финансиски ресурси

Ќе се стремиме да обезбедиме силна финансиска основа, со цел да ги обезбедиме потребните ресурси за поддршка на нашата работа и остварување на нашата мисија.

# КАКО ГИ ИСПОРАЧУВАМЕ НАШИТЕ УСЛУГИ

Работата на Црвениот крст на РСМ е организирана и координирана од централната канцеларија на националното друштво лоцирана во Скопје, и 33 општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје кој ја координира работата на петте општински организации на територијата на град Скопје.

Според податоците од 2022 година, Црвениот крст на РСМ има 18.045 регистрирани членови.

Во организација на годишно ниво придонес даваат околу 4.000 активни волонтери ширум државата.

Нашите услуги ги испорачува стручен тим составен од вработени лица и волонтери.

# АНАЛИЗА НА СТРАТЕШКИ ПЛАН 2020

Стратешкиот План 2020 на Црвениот крст на Република Северна Македонија донесен во 2010 година претставуваше развојна рамка за националното друштво во периодот 2010-2020 година согласно со развојните цели на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина. Развојната стратегија на националното друштво беше насочена кон реализација на 3 стратешки цели:

| | |
|---|---|
| Стратешка цел 1 | ЗАШТИТА НА ЖИВОТОТ И ДОБРАТА НА ЧОВЕКОТ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ОПОРАВУВАЊЕ ОД КАТАСТРОФИ И КРИЗНИ СОСТОЈБИ |
| Стратешка цел 2 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И БЕЗБЕДНИОТ ЖИВОТ НА ЛУЃЕТО |
| Стратешка цел 3 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ВКЛУЧЕНОСТ И КУЛТУРА НА НЕНАСИЛСТВО И МИР |

Стратешкиот план 2020 ни овозможи следење на динамичка рамка, која придонесе за активно вклучување на разни чинители во справување со предизвиците кои ги имавме во изминатата деценија. Самиот документ беше водилка за нашите членови, волонтери и поддржувачи на нашата идеја, креативно и на иновативен начин да се ангажираат во ефектуирањето на стратешкиот план, во остварувањето на дефинираните цели.

Во рамки на изготвување на новата Стратегија 2030 Црвениот крст на РСМ направи анализа на имплементацијата на Стратешкиот План 2020 со цел да се сублимира реализација на стратешките цели и оствареniот напредок и да се детектираат новите предизвици и приоритети за следната декада. Процесот на консултации и анализа во кој учествуваа централната канцеларија на националното друштво и општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје се реализираше во периодот 2019-2020 година.

Поголемиот дел од организацијата смета дека Стратешкиот План 2020 бил релевантен, мотивациски, па дури и инспиративен. Планот бил актуелен во периодот на имплементација, имајќи ги предвид глобалните трендови и предизвици. Стратешкиот План 2020 претставуваше визионерска развојна рамка која ни помогна да изгледаме попрофесионално и постручно во работата со нашите партнери и ранливите категории на население кои ги опслужувавме.

Ни помогна да ја зголемиме нашата ефикасност, подобро да планираме и да бидеме порелевантни во обезбедувањето на нашите услуги за најранливото население во државата. Ни овозможи стратешки да ги зацртаме нашите приоритети и цели во сите програми преку изготвување на програмски стратегии кои претставуваа одлична основа за подготовките на нашите

годишни програми за работа. Ни даде насоки за зајакнување на нашата позиција, имиџ и углед на полето на хуманитарната дипломатија, зајакнување на помошната улога на Црвениот крст во државата, обезбедување на сеопфатни услуги и сервиси за зајакнување на отпорноста на заедниците и воведување на форми за социјална инклузивност на нашите корисници во програмите кои ги спроведувавме.

Во периодот на имплементација на Стратешкиот план 2020, Црвениот крст на РСМ прерасна во модерна организација, почитувана и препозната како лидер во повеќе области на делување. Во меѓународни рамки, Црвениот крст на РСМ стана првото сертифицирано силно национално друштво во Движењето. Стратешкиот план 2020 претставуваше добра основа за инкорпорирање на неговите сегменти во политиките, правилниците и алатките на националното друштво во однос на зајакнување на нормативната рамка за работа на организацијата. Промовиравме партнерства на меѓународен план и во државата и нашите добри практики и резултати беа препознаени од нашите партнери од корпоративниот сектор, државните институции, партнерските организации од Движењето и меѓународни агенции, што резултираше со обезбедување на значителна поддршка за најразлични проектни и програмски активности за подобрување на животот на различни категории на ранливо население.

Волонтерските активности бележат позитивен развој со што се зголеми потенцијалот на Црвениот крст да одговори на различни предизвици во локалните заедници. Преку промовирање на волонтерството помогнавме во градењето кохезивни заедници, промовирајќи ја довербата и соживотот помеѓу граѓаните и воспоставување на култура на солидарност и реципроцитет, кои се неопходни за една стабилна заедница. Посебен акцент во развојот на организацијата се става на младите луѓе, за заштита од разни болести и промовирање на суштинските вредности како што се мир, хуманост и толеранција и волонтирање.

Во овој период, Црвениот крст преку своите активности за заштита и справување со катастрофи, заедно со одговорните институции дава посебен придонес во надминување на последиците од катастрофи во државата и е препознатлива организација која во континуитет работи на подигање на свеста на населението за заштита и справување со катастрофи, обезбедување на материјална помош за погодени категории на население и спроведување на обуки за човечките ресурси за справување со последиците од климатските промени и други елементарни катастрофи кои се секојдневие во нашето живеење на овие простори.

Организацијата е една од водечките во државата на полето на промовирање на безбедно живеење и спроведување на здравствено превентивни активности за заштита на животот и здравјето на населението. Дадовме посебен придонес во намалување на превентивните смртности и заболувања преку унапредување на пристапот до здравствени сервиси за најранливите групи на население, во партнерство со релевантните домашни здравствени институции и меѓународни организации. Бележиме одлични резултати во промовирање и унапредувавме на крводарителството и спроведување активности за унапредување на знаењата на луѓето како да укажуваат прва помош.

Континуирано се работеше на развој на нови форми и методи за подобрување на социјалната интеграција на ранливото население во заедниците. Примената на партиципативен пристап овозможи да се идентификуваат и да се обезбеди придонес во задоволување на приоритетните потреби на лицата во социјален ризик. Преку кампањи и едукации се работеше на подигање на свеста на населението со цел заштита и справување со одредени социјални ризици. Се делуваше на зацврстување на капацитетите на ранливите заедници за справување со одредени социјални ризици, како и нивна активна инволвираност во носењето одлуки кои директно влијаат во подобрување на животот.

Дисеминацијата и воспоставување на семејни врски исто така играа важна улога во нашата работа за споделување на хуманите вредности и меѓународно хуманитарно право, хуманитарната дипломатија и обезбедување на хуманитарна заштита.

Ги надградувавме нашите капацитети преку одржливи решенија за задоволување на најитните потреби и ранливи состојби работејќи во согласност со основните принципи, на транспарентен и отчетен начин. Промовиравме партнерства преку вредностите кои ги претставува нашиот амблем работејќи независно, непристрасно и неутрално. Ја почитувавме разновидноста на заедниците со кои работевме, на нашите волонтери, членови и вработени, врз основа на недискриминација и принципите на непристрасност, единство и универзалност. Ја докажавме нашата лидерска улога на многу полиња и постојано тежнеевме кон усовршување на работата, насочувајќи го вниманието кон правата, потребите и ранливите состојби во заедниците и факторите кои ги предизвикуваат. Постојано бевме инспирирани од нашата историја и традиција, подеднакво заложени за изнаоѓање на креативни, одржливи решенија за проблемите кои претставуваа закана по добросостојбата и достоинството на луѓето.

# СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ 2030

**Нашите стратешки цели** во согласност со целите на Стратегијата 2030 на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина и се фокусираат на следниве аспекти:

**Цел 1**: Луѓето да може да ги предвидуваат, преживуваат и брзо да закрепнуваат од кризи

**Цел 2**: Луѓето да водат безбеден, здрав, достоинствен живот и да имаат можности да напредуваат

**Цел 3**: Луѓето да се мобилизираат во инклузивни и мирни заедници

Стратешките цели на Црвен крст на РСМ се усогласени со Глобалните цели на Меѓународната Федерацијата, глобалните хуманитарни развојни цели, вклучително и Целите за одржлив развој, Рамката „Сендаи“ за намалување на ризикот од катастрофи, Гранд Договорот, Меѓународните здравствени регулативи и Парискиот договор за климатски промени, како и други меѓународни договори во рамки на кои треба да дадеме наш придонес како Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина согласно со основните принципи. Стратешките цели на Црвен крст на РСМ својата основа ја наоѓаат во Законот за Црвен крст на Република Македонија, Статутот на Црвен крст на РСМ и националните закони, политики и стратегии на полето на унапредување на здравјето и социјалната сигурност, делување при вонредни состојби, волонтерство и промовирање на меѓународно хуманитарно право.

## Цел 1: Луѓето да може да предвидат, преживеат и брзо да закрепнат од кризи

Преку нашата мрежа, ќе продолжиме да ја зајакнуваме нашата способност да ги намалуваме ризиците, да преземеме рана акција и да одговориме на кризи преку градење силни локални капацитети за подготвеност и одговор преку користење на сите достапни меѓународни механизми за поддршка. Ќе инвестираме во разбирање и решавање на основните причини за случувањето на кризите, појавата на ризиците и ранливостите, интегрирање на етички и принципиелни пристапи за да се обезбеди опстанок, одржливост и благосостојба на човештвото и екосистемот на нашата планета.

## Цел 2: Луѓето да водат безбеден, здрав, достоинствен живот и да имаат можности да напредуваат

Низ нашата глобална мрежа, нашата цел отсекогаш била да спасуваме животи и да го заштитиме човечкото достоинство. Но, треба да осигуриме поединците

и заедниците да можат да напредуваат. Треба да овозможиме пристап насочен кон луѓето што ги признава нивните потреби,права, вештини и капацитети на заедниците што ги придружуваме. Треба да им дадеме на луѓето можности за поголема контрола и достапност на избори за подобрување на сопствениот живот, да ги бараме и поддржуваме најранливите лица и групи кои се исклучени или маргинализирани. Нашиот придонес посебно треба да биде евидентен на здравствен план за да ја охрабриме благосостојба на сите нивоа, вклучително и позитивното социјално, ментално и физичко здравје на луѓето.

## Цел 3: Луѓето да се мобилизираат во инклузивни и мирни заедници

Преку нашата мрежа ќе промовираме и поддржуваме поинклузивно, правично и кохезивно општество. Ќе работиме со партнерите и луѓето на сите возрасти, усогласувајќи ги нашите хуманитарни пристапи за решавање на проблемите што нè засегаат сите и ќе овозможуваме поддршка за позитивна трансформативна акција.

Во Стратегија 2030 посветуваме посебно внимание на нашиот свет кој се менува на сложени и меѓусебно поврзани начини што влијаат врз состојбите во општеството, и резултираат со појава на се повеќе ризици и ранливостите.

Демографските транзиции имаат важна улога врз луѓето - на сите возрасти и со различни култури кои даваат низа на можности, но и поттикнуваат раздор и социјални тензии. Движењето на населението ја нарушува социјалната структура и врши притисок врз ресурсите и социјалната кохезија и предизвикува изолираност на многу заедници.

Производите и технологиите што ги користиме ни помагаат да бидеме повеќе поврзани. Тие, сепак, создаваат нови ризици, вклучително и некои што можеби сè уште не ги разбираме.

И силите на моќ се менуваат, при што се појавуваат нови чинители кои бараат вклученост и очекуваат да бидат видени и слушнати. Ова предизвикува социјални промени, предизвик врз институциите и го менува системот на донесувањето одлуки. Но, веројатно најдраматично од сè, е климата и локалните временски услови кои се менуваат и деградацијата на животната средина што влијае на многу од нашите природни ресурси. Влијанието веќе го чувствуваме сите, и на тоа треба да посветиме посебен акцент.

# КОИ ПРЕДИЗВИЦИ ГИ ОЧЕКУВАМЕ ВО СЛЕДНИТЕ 10 ГОДИНИ

Светот околу нас се менува на сложени и меѓусебно поврзани начини што влијаат врз севкупните општествени текови, со се поголеми ризици и предизвици по населението.

Се очекуваат уште поголеми демографски транзиции кои може да бидат значајни можности за развој но исто така и да предизвикаат раздор и да поттикнат социјални тензии. Миграциите и движењето на населението кои во континуитет се случуваат може да доведат до значителни промени во нашата социјална структура, и да преставуваат дополнителен товар врз ресурсите и социјалната кохезија, што може да резултира со изолираност на многу заедници.

Производството и новите технологиите ни помагаат да бидеме подобро поврзани и функционални. Сепак, тие создаваат и нови ризици, вклучително и некои што можеби сѐ уште не ги разбираме.

Политичките и економски збиднувања исто така може да резултираат со значителни поместувања и различности споредено со традиционалните трендови што може да доведе до неочекувани социјални промени.

Но, веројатно најголемиот и најдраматичен предизвик пред нас ќе биде справување со климатските промени како резултат на деградација на животната средина, зачестеноста на катастрофите и нивното влијание врз животот на луѓето.

Сите овие аспекти ќе имаат директно и индиректно влијание врз животот на луѓето но и ќе влијаат во начинот на концептуализирање на нашата работа, и можностите за обезбедување на ефективен одговор за справување со суштинските предизвици.

Во продолжение нотираме некои од клучните предизвици со кои очекуваме да се соочиме во следната деценија како и промените кои се подготвуваме да ги направиме со цел да одговориме на современите потреби во нашето потесно и пошироко општествено опкружување.

## Предизвик 1: Воспоставување одржливи партнерства

Црвениот крст на Република Северна Македонија со својата помошна улога на властите, настојува да биде силен партнер во целокупните напори на градење на здраво и безбедно општество во државата. Градењето на оперативни сојузи со соодветните ресорни министерства и агенции на национално, како и со локалните самоуправи на локално ниво продолжува да биде еден од основните предуслови за успешна реализација на мисијата на Црвениот крст со цел ефикасно да се одговори на потребите на најранливите категории на население преку навремен и квалитетен одговор. Во претстојните години ќе се вложат напори за интензивирање на оваа соработка преку формални потпишувања на меморандуми и договори, и неформални облици преку учество во работни групи, состаноци, тимови и слично. Ќе се вложат напори за оперативно и програмско продлабочување на соработката преку зацврстен дијалог, проектни и програмски иницијативи и заложби, што ќе резултираат со конкретни поместувања во финансиската поддршка како и овластувања во спроведувања на одредени сервиси и обуки за ранливи категории на население.

Промовирањето на општествена одговорност кај корпоративниот сектор е заложба на која и во минатите години е посветено големо внимание. Посебен акцент ќе се стави на зајакнување на довербата од партнерите во услови на економски предизвици во државата преку промовирање на квалитетни услуги за ранливите категории на население со отчетно, транспарентно и одговорно имплементирање на заеднички инцјативи поткрепени со мерливи индикатори за успешност. Надградувањето и негувањето на добрите практики кои ја унапредуваат поддршката на донаторите, а истовремено одговараат на хуманитарните потреби на населението, ќе бидат фокус на нашите оперативни годишни планови.

Периодот пред нас ќе биде можност да се подобриме во областите каде не сме биле сосема успешни и сеуште постои простор за надградба на нашите компетенции и знаења. Затоа континуирано ќе ја негуваме соработката со други компоненти на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина со цел да црпиме сознанија од искуствата на нашите партнери, и научените лекции да ни послужат како основа за подобро планирање, надградба на капацитети и остварување на подобри перформанси во работата.

## Предизвик 2: Климатска криза и кризна состојба поврзана со нашата животната средина

Климатската криза и деградацијата на животната средина се значителни ризици со кои се соочува човештвото и веќе влијаат на речиси секој аспект на нашата работа. Промените во нашата клима и околина веќе придонесуваат за зголемување на зачестеноста, интензитетот и непредвидливоста на тешките

временски настани и падот на биолошката разновидност. Во нашата Стратегија се осврнуваме на нашите активности за справување со факторите кои придонесуваат за влошување на климатските услови и животната средина, со цел да се прилагодиме на ризиците. Да ја претставиме нашата улога во однос на обезбедување на поддршка за задоволување на потребите на оние што се и ќе станат ранливи. Нашиот фокус во текот на следната деценија ќе биде насочен на намалување на тековните и идните хуманитарни влијанија од климатските промени и заштита на животната средина и обезбедување поддршка на луѓето да се справат со овие предизвици.

## Предизвик 3: Зачестеност на кризи и катастрофи

Се предвидува катастрофите да стануваат почести, поскапи, покомплексни и, за жал, поконцентрирани во популациите кои најмалку се во состојба да се справат со нив. Катастрофите како резултат на екстремните временски прилики и нарушувања на климата / животната средина ќе бидат се почести. Сложените геополитички и економски фактори исто така придонесуваат во предизвикувањето хуманитарни кризи кои стануваат долготрајни. Зголемувањето на густината на населението во градските опкружувања и миграциите ќе носат најразлични предизвици и потенцијални катастрофи (сеизмички случувања или временски неприлики или појава на заразни болести) со потенцијално големо влијание врз населението. Трошоците за живот исто така ќе бидат се поголеми.

Влијанието на катастрофите врз развојот на општеството е евидентно. Иако бројот на смртни случаи од катастрофите се чини дека се намалува со текот на времето, бројот на засегнатите лица и економските загуби сè уште се зголемуваат експоненцијално. Затоа е потребно да се преземат решителни акции за намалување на ризиците од катастрофи бидејќи катастрофите имаат разурнувачки ефекти врз локалните средства за егзистенција и значително го попречуваат напорно стекнатиот напредок во развојот.

До 2030 година се очекува скоро половина од сиромашните во светот да живеат во земји погодени со економски предизвици и конфликти. Оние што најмалку можат да се справат со овие предизвици ќе бидат најмногу погодени. Зголемената зависност од технологијата носи нови ризици и ранливости, вклучувајќи технолошки колапс, како и други неочекувани - и потенцијално непредвидени - сајбер и дигитални закани.

Нашиот фокус во текот на следната деценија ќе биде на активности за ублажување на слабостите и недостатоците кои произлегуваат од сите видови на кризи и катастрофи за луѓето, особено најранливите, со цел да се овозможи просперитет и напредок на населението. Ќе работиме ефикасно да ја користиме технологијата и иновациите за да ги предвидиме ризиците и катастрофите и да обезбедиме проактивно, рано делување и предвидливо финансирање.

## Предизвик 4: Растечки недостатоци во здравствената и социјалната сфера

И покрај значајните глобални здравствени придобивки и големите медицински достигнувања, луѓето ќе продолжат да се соочуваат со меѓусебно поврзани ризици по нивното здравје и благосостојба. Инфективните заболувања и ризикот од епидемии и пандемии ќе бидат главна грижа за здравјето на луѓето во светски рамки. Здравствените предизвици се менуваат, како резултат на климатските промени и зголемената изложеност на загадување на животната средина и токсините. Стапките на заразни болести ќе продолжат да растат низ целиот свет.

Пристапот до здравствени услуги исто така продолжува да биде предизвик за дел од населението. Зголемувањето на проблемите со менталното здравје, како што се депресијата и вознемиреноста, ќе претставуваат дополнителен стрес врз заедниците и здравствените системи. Зголемената стапка на осаменост и дигиталната изолација исто така ќе бидат значителни предизвици. Проектираниот значителен недостиг на здравствени работници - во светски рамки ќе достигне 18 милиони здравствени работници до 2030 година - што значително ќе влијае на испорака на здравствени услуги на сите нивоа.

Сиромаштијата и социјалната исклученост сеуште претставуваат предизвици за дел од населението во земјата. Со висок процент на старо население ниту Република Северна Македонија не заостанува во соочувањето со бројните проблеми врзани за стареењето на населението, како и со бројни предизвици кои произлегуваат од постоечките економски и социјални состојби. Достапноста до ресурсите кои ги нудат системите за поддршка во државата претставува предизвик за одредени целни групи на ранливо население во заедниците. Долгорочната невработеност кај лицата кои немаат соодветни квалификации претставува предизвик за нивна конкурентност на пазарот на труд.

Нашиот фокус во текот на следната деценија ќе биде да осигуриме сите луѓе да имаат безбеден и правичен пристап до здравје, вода и санитација, преку проширување на нашите програми за здравствена заштита, социјална грижа и прва помош во заедницата, како и програми за вода санитација и хигиена со цел да ги задоволиме потребите на ранливите или маргинализираните групи. Треба да ја подобриме нашата работа, преку нашите волонтери, со кампањи и други активности за градење врски во заедницата за промовирање на позитивно ментално здравје и добросостојба и намалување на осаменоста, како и обезбедување психо-социјална поддршка, особено во ранливите заедници и оние кои се погодени од конфликти и катастрофи.

## Предизвик 5: Миграција и идентитет

Бројот на мигранти на глобално ниво значително се зголеми од 2000 година и се очекува да продолжи да расте како резултат на конфликти, сиромаштија и недостаток на квалитетни можности за вработување. Климатската криза и загадувањето на човековата средина ќе ги принудат луѓето да се движат масовно.

Тоа ќе доведе до ризици од експлоатација и злоупотреба од страна на трговците со луѓе и други криминални групи, како и лишувања предизвикани од политики кои го ограничуваат пристапот до основните услуги и нега. Ризиците се зголемуваат за лица без државјанство и за оние кои немаат официјален доказ за идентитет.

Нашиот фокус во текот на следната деценија ќе биде да осигуриме сите луѓе што мигрираат да бидат безбедни и да се третираат хумано и со достоинство и да се осигури сите луѓе да ја добијат потребната поддршка за да напредуваат во инклузивно општество. Ќе работиме на обезбедување поддршка за промовирање на заштита на ранливите групи, жени, деца, лица со посебни потреби и баратели на азил.

## Предизвик 6: Хумани вредности и вклученост, и промоција на МХП

Тензиите врз основа на вредности се манифестираат на различни начини на различни места, создавајќи нови поделби во и меѓу земјите, регионите и заедниците. Просторот за принципиелна хуманитарна акција ќе се намалува - па дури и ќе се криминализира во некои делови на светот. Овие глобални промени ќе доведат до исклученост, и помалку хуман и емпатичен свет.

Нашето влијание во текот на следната деценија ќе биде на заштита и промовирање на позитивна промена за човештвото, и негување на хуманитарните вредности и нашите основни принципи. Ќе се фокусираме на иницијативи што промовираат вклучување и разновидност во обезбедување можности, застапеност и донесување одлуки, како во рамките на нашата сопствена организација, така и во целото општество.

Живееме во свет во кој постојано се случуваат катастрофи и меѓународни и локални судири кои предизвикуваат невидени страдања на цивилното население и други категории на ранливо население. Црвениот крст уште од времето на Анри Динан е препознат како еден од најважните чинители кои посветено работат на обезбедување на поддршка за најранливото население. Токму затоа дисеминацијата претставува најважната стратегиска комуникациска алатка за промовирање на работата на Црвениот крст преку која споделуваме информации за Црвениот крст, за историјата и значењето на нашето Движење, за нашите седум основни принципи, за амблемите на Црвен

крст и Црвена полумесечина, за помошната улога на Црвениот крст во државата, за поттикнување на хуманитарното образование како пристап на Движењето за промоција на хуманите вредности, мир и толеранција.

Во услови кога се потешко се обезбедува волонтерски придонес за хуманитарни цели дисеминацијата треба да ни претставува основа за успешно мобилизирање на нови волонтери и членови и поддржувачи на организацијата. Дисеминацијата како основно комуникациско средство дава посебен придонес во подигање на јавната свест за значењето и улогата на Црвениот крст во државата и потребата од заштитата на амблемот и персоналот на Црвениот крст во извршување на својот мандат и задачи согласно со Женевските Конвенции и Дополнителни Протоколи и Законот за Црвениот крст на Република Македонија. Сведоци сме на постојано нарушување на одредбите на МХП ширум светот. Дисеминацијата овозможува промовирање и почитувањето на меѓународното хуманитарно право, врз основа на одредбите кои произлегуваат од Женевските Конвенции и Дополнителни Протоколи. Црвениот крст на Република Северна Македонија посветено ќе работи на промовирање на МХП во државата преку организирање и промовирање активности со различни целни групи, особено пред студентската младина, АРСМ и МВР, и сите одговорни институции кои имаат одредена улога во промовирањето и дисеминирањето на МХП во Република Северна Македонија, пред се парламентот на РСМ и владините министерства.

Имплементацијата на меѓународното хуманитарно право како сегмент од меѓународното право ги обединува меѓународно-правните инструменти кои се применуваат во случаи на вооружени судири со цел лимитирање на последиците од истите, па токму затоа Црвениот крст континуирано ќе инвестира во промовирање на МХП и обезбедување поддршка на националните власти во хармонизација на националното законодавство со меѓународното хуманитарно право за да се обезбеди негова ефективна имплементација и следење на практични мерки и активности и негова дисеминација во различни сегменти на општествениот живот и унапредување на соработката и координацијата меѓу надлежните институции, вклучително и обезбедување оперативна поддршка за функционирање на Националниот Комитет за МХП во Република Северна Македонија.

# ПРОМЕНИ ВО КОНЦЕПТОТ НА НАШАТА РАБОТА

**Стратегијата ќе се имплементира преку единаесет суштински промени како одговор на горе наведените предизвици, за да се реализираат нашите стратешки цели.**

Ќе се стремиме кон промени, но истовремено ќе се потпираме на остварените придобивки и резултати од нашата историја, но секогаш ќе бидеме свртени кон иднината. Ќе се обидеме да ги предвидиме и разбереме и да одиме во чекор со промените во светот кој не опкружува и постојано ќе размислуваме за тоа како да се развиваме за да одговориме на променливите потреби на целните групи кои ги опслужуваме.

Оваа стратегија треба да ни овозможи сеопфатен развој преку таргетирани промени, да ни помогне да ги надградуваме нашите силни страни за да го обезбедиме посакуваното влијание за да може да ја оствариме нашата мисија.

Внимателно ќе направиме процена на опсегот на нашите услуги и ќе се фокусираме на активности кои ни овозможуваат да направиме најголема позитивна разлика за нашите корисници. Ќе носиме одлуки кои ќе ни помогнат да се прилагодиме согласно со менливите потреби на заедниците. Главна цел ќе ни биде да го зголемиме нашето влијание, што самото по себе ќе значи дека на тој пат понекогаш ќе треба да носиме тешки одлуки што може резултираат со прекинување на некои услуги кои ги обезбедуваме денес.

Ќе промовираме тимска работа, согласно со нашата организациска стратегија, ќе размислуваме глобално но ќе делуваме локално во заедниците каде што сме најпотребни. Во овој процес ќе се потпреме на нашите знаења, на компетенциите и вештините на нашите човечки ресурси, на соработката и знаењата на нашите партнери, но со нови улоги и инклузивност во севкупниот процес на промени со цел да може да одговориме на променливите потреби на ранливото население.

## Промена 1: Поддршка и развој на националното друштво како силен и ефективен локален чинител

Националното друштво треба да се трансформира за да може побргу да се справи со предизвиците и можности во претстојниот период. Тоа ќе се реализира преку изготвени програмски стратегии, имплементација на приоритетни програми и обезбедување на континуиран квалитет, споделување вештини,знаења, ресурси и достигнувања, инвестирање во специјализирана организациска развојна помош за развој на стабилни системи, и можностите за промена, поддршка на општинските организации на Црвен крст, и прилагодување кон променливи трендови и контексти.

**Ја препознаваме потребата** од промовирање и зацврстување на помошната улога на националното друштво кон властите за да се развиваат позитивни законски решенија и договори кои ќе овозможат поефикасно дејствување на националното друштво и унапредување на активностите.

**Свесни сме дека може да дадеме дополнителна вредност** на севкупните напори за влијание и поддршка на организацијата во најпогодените сегменти на општеството преку широко распространетата структура на членови и волонтери, како и можноста за дополнително мобилизирање на ресурси за хуманитарни цели преку општинските организации и Црвен крст на град Скопје.

**Ќе работиме на зајакнување на капацитетите** за мобилизирање на средства од домашни и меѓународни донатори и партнери за уште подобар и поквалитетен хуманитарен одговор на потребите на населението.

**Ќе интегрираме механизми**  кои ќе овозможат безбедно, достапно и правично учество на луѓето и заедниците во сите фази на програмите и операциите во согласност со нивните капацитети, и ќе осигуриме да придонесуваат во процесите на носење на одлуки.

**Ќе инвестираме во надградба на капацитети** за менаџмент со човечките ресурси и развивање на нови атрактивни форми за организирање на волонтерска работа и мотивација на волонтерите.

**Ќе промовираме партнерства** за обезбедување на сеопфатна поддршка за различни целни групи и ќе учиме од минатото со поглед на иднината.

## Промена 2: Градење капацитети за намалување на ризици, рано предупредување и одговор на кризни состојби преку воспоставени силни локални структури и капацитети за подготвеност и одговор при катастрофи

**Ќе работиме заедно во градење** одржливи капацитети и координираност со нашата национална и глобална мрежа за да ги обезбедиме потребните капацитети да одговориме на зголемените хуманитарни побарувања.

**Посебен акцент ќе ставиме во обезбедување на рамка за здружување на ресурси и оптимализирање на соработката** на национално и локално ниво во рамките на кризниот менаџмент со меѓународни и локални партнери за обезбедување на навремен одговор на кризните состојби.

**Ќе продолжиме да ги развиваме вистинските вештини** и да ги надградуваме капацитетите на нашите човечки ресурси за да одговориме на сложените хуманитарни предизвици.

**Ќе бидеме на вистинското место во вистинско време и ќе инвестираме ресурси и знаење да ги намалиме ризиците** од катастрофи, интегрирајќи ги нашите расположливи капацитети во сите области од нашата работа.

**Ќе инвестираме во она што го можеме и најдобро го правиме** –да дадеме придонес во градење капацитети за подготвеност, ефективен одговор и опоравување од катастрофи со примарна цел да обезбедиме поддршка на најранливото население.

**Ќе ги сконцентрираме нашите напори** да одговориме на суштинските потреби на погоденото население од катастрофи преку обезбедување на наменска поддршка во човечки ресурси, храна, вода и санитација, хигиенски производи, засолниште и готовинска поддршка за излегување во пресрет на најитните потреби на погоденото население.

**Ќе тежнееме и ќе промовираме лидерство** во хуманитарните интервенции како еден од клучните чинители во државата за ублажување и намалување на ефектите и последиците од катастрофи.

## Промена 3: Воспоставување на одржливи здравствени сервиси и центри со цел унапредување на здравјето на населението и градење на сигурни и здрави заедници во мирнодопски услови и во услови на катастрофи.

**Ќе работиме на континуирано јакнење на капацитетите** на националното друштво преку обезбедување на квалитетна и научно базирана едукација по прва помош преку воспоставување на Стручен центар по прва помош која ќе придонесе за обезбедување на сигурни и здрави заедници преку превенирање и редуцирање на ризици при секојдневните несреќи и катастрофи.

**Ќе воспоставиме здравствени сервиси** од одржлив карактер кои треба да функционираат како социјални претпријатија и ќе бидат поддршка на постоечките здравствени сервиси во државата.

**Ќе продолжиме со заштита на здравјето на маргинализираните групи** на население со посебен фокус на лица заболени од ХИВ/СИДА.

**Ќе обезбедиме полесна достапност до здравствено превентивните услуги** кои ги нуди ЦКРСМ во мирнодопски услови и во услови на катастрофи преку дигитализација на традиционалните здравствено превентивни активности и курсевите по прва помош.

**Ќе ги зајакнуваме капацитетите** на националното друштво во областа на ментално здравје преку воспоставување на Центар за прва психолошка помош и психосоцијална поддршка насочен кон вработени и волонтерите во организацијата и кон заедницата.

**Ќе креираме нова стратегија** за подигнување на свеста кај населението и мотивирање за доброволно крводарување и за обезбедување полесен пристап и мобилизација на потенцијални крводарители од ниско-ризичните целни групи.

**Ќе промовираме нови партнерства** со организации, клубови на крводарители, клубови на млади и училишни клубови и други форми на здружување за мобилизирање нови крводарители.

**Ќе инвестираме во континуирана здравствена промоција и превенција** на здравјето на населението и намалување на последиците кај населението од заразни заболувања со посебен акцент на КОВИД 19.

## Промена 4: Креирање на ефикасни услуги според потребите на ранливите категории на население за достоинствен и поквалитетен живот во заедниците

**Ќе го развиваме партиципативниот пристап на дејствување** за развој на ранливите заедници со цел активна вклученост на маргинализираните целни групи во носење на одлуки кои директно влијаат врз нивните животи.

Ќе даваме поддршка и придонес кон **подобрување на социјализацијата на социјално исклучените лица** во заедниците со преземање на заеднички иницијативи во партнерска релација со системите на државата, бизнис заедницата и граѓанскиот сектор.

**Ќе се вклучиме и придонесеме во достапноста до ресурсите, правата и услугите** потребни на ранливото население за нивна социјална инклузија во општеството, особено на граѓаните кои живеат во руралните средини.

**Ќе ги унапредиме превентивните социјално – хуманитарни програми** за подигање на јавната свест за потребната поддршка и заштита на лицата во социјален ризик. Посебен акцент ќе ставиме на подигање на свеста на младата популација, јакнење на нивните капацитети за заштита и справување со одредени социјални ризици како што е борбата против трговијата со луѓе, асоцијални влијанија на младите и сл.

**Ќе развиваме едукативни тренинг центри** за спроведување на верификувани програми за обуки за негуватели на стари и немоќни лица и лица со попреченост, како и програми за лична асистенција на лица со попреченост. Ранливите целни групи со стекнување на државно признат сертификат преку следење на обуките, ќе имаат можност да се стекнат со соодветна стручна компетентност за нивна поконкурентност на пазарот на труд.

**Ќе развиваме социјални сервиси за нега и помош на стари лица и лица со попреченост** преку кои ќе се испорачуваат квалитетни услуги кои ќе бидат достапни во нивните домови за достоинствен и поквалитетен живот во заедниците. Преку сервисите ќе се ангажираат обучени невработени лица во социјален ризик, со што непосредно ќе се влијае на намалување на нивната ранливост.

**Ќе се развива концептот на социјално претприемништво** во националното друштво преку организирање на заедничко учење и овозможување поддршка во управување на социјалните претпријатија. Базирано на неколку позитивни искуства ќе се развиваат економски активности наменети за социјални цели: отворање на тренинг центри, сервиси за социјални и здравствени услуги, продавници за употребена облека, како и друг вид на економски активности во кои ќе бидат работно ангажирани ранливи целни групи на население. Преку истите ќе се придонесе да се генерира општествена вредност при што заедницата ќе има корист од претприемачките активности.

## Промена 5: Инспирирање и мобилизирање на волонтерството

Волонтирањето и мобилизирањето се клучни за обезбедување поинклузивно општество каде сите можат да уживаат во придобивките и можностите. Волонтирањето се менува, поттикнувано од поголема поврзаност и капацитет за само-мобилизирање преку дигитални технологии.

**Посветено ќе работиме на мотивирање на доброволно волонтирање** во организацијата на Црвен крст на РСМ преку развој на нови, пофлексибилни, отворени и комплементарни приоди кои ќе ни овозможат создавање на поефикасна мрежа на хуманитарни работници кои работат за општото добро во нашите локални заедници.

**Ќе ставиме акцент на обезбедување безбедност и заштита** на волонтерите, особено на оние кои работат во конфликтни и други екстремни опкружувања.

**Продолжуваме  да инвестираме во проширување на инклузивноста** и разновидноста на нашите волонтери.

**Се заложуваме да ги зајакнеме нашите пристапи** за волонтерско управување, овозможувајќи партиципативен модел за работа и ефикасна поддршка за нашите волонтери и одавање признание за ангажманот и работата на волонтерите.

**Ќе ја негуваме нашата волонтерска база** за да обезбедиме широк спектар на волонтерски услуги, давајќи го нашиот придонес во општественото опкружување особено при кризни состојби.

**Ќе продолжиме да инвестираме во обезбедување на разновидност во нашата волонтерска база** и можностите што им се достапни на сите волонтери.

**Ќе работиме на намалување на бариерите за волонтирање** кои во моментот влијаат врз одредени поединци во општеството и ќе овозможиме поголем волонтерски ангажман за постарите лица, меѓу-генерациска соработка и вклученост на лицата со посебни потреби, и други маргинализирани лица, кои можеби не биле во можност порано да се вклучат во Црвениот крст.

**Ќе работиме на донесување на соодветни политики и програми за менаџмент на волонтери** и членови и системи кои се дисеминирани, општо прифатени од страна на раководството и управата на организацијата и волонтерите и членовите.

**Ќе размислуваме за воведување на промени** каде волонтерите ќе можат да обезбедуваат поддршка, знаење и ресурси и влијание онака како што тие сакаат да ги видат во светот со цел да бидат и понатаму дел од нашето Движење.

## Промена 6: Обезбедување доверба и одговорност

**Посветени сме на градење доверба** со луѓето и заедниците на кои им служиме, со нашите донатори, партнери и јавноста и во нашето Движење.

**Продолжуваме да инвестираме во зајакнување на нашата транспарентност**, **во зајакнување на системите за поддршка и зајакнување на интегритетот** и во градењето на нашата отвореност за слушање, вклучување и дејствување, прифаќање на култура на етичка пракса и воспоставување на лична и институционална одговорност.

## Промена 7: Ефективно работење како функционална мрежа

Посветено работење преку функционалната мрежа на Движењето на меѓународно и локално ниво, преку споделување ресурси, знаење и заеднички стандарди и изнаоѓање начини да се изгради поголема ефикасност и колективна интелигенција. Продолжуваме со тенденција да бидеме високо ефективни и брзи да реагираме при катастрофи и кризи преку механизми за координација што го максимализираат нашето колективно влијание. Ќе инвестираме во иновации што можат да ги поврзат луѓето и да ги прошират нашите мрежи на локално, регионално и глобално ниво.

**Континуирано ќе партиципираме** во работата на телата на Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина при што ќе допринесеме во развојот на Движењето на Црвен крст и Црвената полумесечина со своите искуства и капацитети.

**Го препознаваме придонесот** кој Меѓународниот Комитет на Црвен крст го дава во развојот на одредени програмски области на дејствување со акцент на воспоставувањето на семејни врски, поддршка за мигранти и дисеминацијата на меѓународното хуманитарно право, за што ќе настојуваме на уште подлабока соработка.

**Ќе инвестираме во зајакнување на нашата мрежа** на општински организации на Црвен крст/Црвен крст на град Скопје преку унапредување на нашата оперативност, функционалност и ефективност, континуирана надградба на човечките ресурси, градење на финансиска стабилност и имплементација на одржливи сервиси и услуги за населението.

## Промена 8: Влијание врз хуманитарната акција

Посветено ќе промовираме поддршка за најранливите заедници и поединци со кои работиме и ги придружуваме, во согласност со нашите основни принципи. Кога луѓето не можат да зборуваат сами за себе, ние сме нивни гласноговорници, преку нашата мрежа на ООЦК. Инвестираме во промовирање и одбрана на суштински области како што е меѓународното хуманитарно право, вршење на помошна улога пред властите во државата со цел да се носат политики и практики кои се во согласност со нашите хуманитарни вредности.

## Промена 9: Дигитално трансформирање

Ние ги препознаваме огромните можности да ја подобриме нашата работа, да станеме поефективни, да учиме и добиваме нови сознанија за ранливоста и решенијата што се појавуваат преку брзото унапредување на дигиталните технологии. Исто така, признаваме дека овие достигнувања носат нови предизвици, закани и ранливости што треба да се решат во наредната деценија. Посветени сме на инкорпорирање на нови технологии и дигитални практики и култура за да го искористиме нашето колективно знаење и да работиме кон премостување на дигитални поделби и намалување на дигиталната сиромаштија и изолацијата.

## Промена 10: Идно финансирање

Признаваме дека заради сложеноста и обемот на хуманитарните и развојните предизвици сега и во наредните години ќе биде потребно финансирање над сегашното ниво за да се реализираат нашите цели. За таа цел ќе биде потребно воспоставување нови партнерства, алтернативни извори на капитал и финансирање.

**Продолжуваме да инвестираме во создавање стратегија за инвестирање и поддршка** преку пристапи за мобилизација и финансирање и зајакнато финансиско и програмско управување и одговорност. Тоа ќе го оствариме преку разновидност на нашите партнерства и прибирање финансиски средства преку иновативни деловни модели и нови финансиски механизми.

**Активно ќе се залагаме** за развивање на заеднички иницијативи и партнерства со корпоративниот сектор за развивање на одржливи програми со цел да одговориме на приоритетните потреби на населението.

**Ќе развивање нови алатки** за подобрување на финансиската стабилност преку проектно работење и мобилизирање на средства и воспоставување на

ефикасен, одржлив систем за мобилизирање на фондови на национално и локално ниво.

**Ќе промовираме проектно работење и мобилизирање фондови** како системско решение за одговор на потребите обезбедување достоинствен живот на населението.

## Промена 11: Промовирање на вредностите на Црвен крст

**Го препознаваме значењето** на дисеминацијата и можностите кои ги нуди за промовирање и унапредување на нашата работа, да бидеме препознати како водечка агенција која работи на обезбедување придонес за надминување на клучните предизвици со кои се справува најранливото население за време на кризни состојби.

**Посветено ќе работиме** во промовирање на МХП пред сите одговорни чинители во државата со акцент на унапредување на работата на Националниот Комитет за МХП и клубот на дисеминатори како суштински тела за хармонизација на националното законодавство со меѓународното хуманитарно право и ефективно и доследно применување на МХП во државата.

**Ќе инвестираме во нови комуникациски алатки** кои ќе ни овозможат да бидеме поблиску до пошироката јавност за да ги претставиме основните задачи и улогата на Црвениот крст за да обезбедиме јавна поддршка и волонтери за имплементација на нашите активности.

**Ќе продолжиме да ги промовираме хуманите вредности**, **мирот и толеранцијата** за да бидеме еден од клучните носители во унапредување на добросостојбата на населението и мост на заедништво помеѓу етничките заедници каде различностите ќе претставуваат компаративна предност за градење мултикултурно општество во кое сите луѓе ќе имаат можност да дадат придонес за развојот на државата.

**Континуирано ќе работиме на заштита на амблемот** на Црвен крст во државата со цел да не го загрозиме системот на заштита доделен со меѓународното хуманитарно право и да обезбедиме заштита на имиџот и репутацијата на амблемот и работата на националното друштво.

**Што значи новата Стратегија 2030 во следните десет години?**
Светот кој постојано се менува ни наложува да го смениме начинот на размислување и работа, со цел да го обезбедиме најдоброто можно влијание во нашето опкружување.

## Спроведување на промени

Она за што го започнуваме ќе биде еволуција, а не револуција. Под лидерство на раководниот одбор, управата постепено ќе ги планира и спроведува промените за да се осигуриме дека можеме да продолжиме да ги поддржуваме заедниците во процесот на имплементација на нашите промени. Ќе се погрижиме промените да се засноваат на разбирање на моменталната состојба, идните потреби и придобивките што ќе ги донесат промените.

Се потпираме на искуствата и компетенциите на волонтерите и службата на Црвениот крст на РСМ во дизајнирањето и спроведувањето на промените со цел да бидеме обединети во нашите планирања, насоки и посакуван напредок. Ќе бидеме прагматични и флексибилни, и во прв план ќе ги спроведеме промените кои може брзо да се реализираат како поддршка за нашата работа а истовремено ќе ги планираме поголемите долгорочни промени на националното друштво.

**Место за сите**. Нашите човечки ресурси се нашата движечка сила. Без разлика дали сте тинејџер и сакате да научите што значи да се биде млад хуманитарец, или сте во поодминати години и продолжувате да го давате вашиот придонес во општинските организации на Црвен крст/Црвен крст на град Скопје - ве цениме и многу сте ни потребни. Додека напредуваме заедно, ќе има можности сите да бидат вклучени во нашата работа. Иднината е светла за Црвениот крст на РСМ - заедно, преку мобилизирање на моќта на хуманоста ќе ги подобруваме животот на ранливото население и ќе ја зајакнуваме отпорноста на нашите заедници.

**Сакате да ни помогнете да направиме разлика?** Дали тоа што го прочитавте ве инспирира да направите нешто? Ако е така, тогаш приклучете се на Црвениот крст на Република Северна Македонија и бидете дел од најголемото хуманитарно движење. Посетете ја нашата интернет страница:redcross.org.mk, и откријте повеќе што работиме.